# ПРАВОСЛАВИЕТО И СВЕТОТ*

Православието има свест дека Црквата не е „од светот“, туку дека е „во Светот“, дека се разликува од светот, но не и дека се одвојува од него. Ова одвојување би водело не само во осуда и смрт на светот, туку и во соголување и обезвреднување на самата Црква. Автентичниот православен став не се изразува во бескомпромисната негација на светот, туку во негација на власта на сатаната над него, то ест во борбата на човекот и Црквата со демонските сили. Нашата борба не е борба со светот, туку судир со искушувачот, којшто сака светот да го потчини на суетата и пропадливоста, бесмислата и смртта. Вистинскиот православен став не се изјаснува за прилагодување на Црквата кон светот (секуларизација), со оглед на тоа дека љубовта кон светот и неговата преродба е парадоксална во однос на неговото умирање во нас, излегувањето од него и влегување во сферата од каде што дојде благодатта на Воплотениот и Распнат Господ. Така се објаснува фактот, којшто е тешко сфатлив: дека монасите повеќе го сакаат светот од „мирјаните“.

Во својот однос со светот и во одговорноста за него Црквата чувствува непрекинато искушение во таканаречената несовременост или немодернизам. Кога Црквата се одрекува од искуството на тоа „сега“ или „денес“ на Божјиот Домострој за светот, и кога се одрекува од својот есхатолошки карактер и есхатолошки извор на вера, неопходно се меша и се заробува во кризата и безизлезот на светот, дури и кога тоа го прави под изговор на набожност или дружељубивост. Впрочем, проблемот не се промените или разубавувањето на надворешните околности на светот, туку неговото осветување и враќање кон Бога. Осветувањето и враќањето таинствено се совршуваат со преобразувањето на човекот, со промените коишто надоаѓаат одвнатре, од длабините на срцето - во коешто е средиштето на борбата на Бог со ѓаволот и место на „трагична и таинствена убавина“.

Во Црквата не постојат нешта на кои им е потребна обнова или повторно прилагодување, за да се следат сите нови општествени конвенции и напредок. Црквата е вечна и ја опфаќа стварноста којашто е над секое движење. Во неа се исцелува несигурноста и неспокојството, минливоста и потресите, пропаѓањето и менливоста на историската и космичката стварност. Во Црквата не владее реорганизација, туку секојдневно сеќавање, спомен и слава на чудото на нашето спасение, снисходењето и вотеловувањето на Бога, единствената новина во светот и историјата. Поентата не е во тоа да правиме современи или револуционерни (!) дела, туку да останеме силни и постојани во верата, којашто претставува Откровение на Бога во Христа, Кој е единствена сила на преобразбата на стариот свет. И уште, да го имаме на ум сознанието дека „преку промислата Божја од мали поводи и преку мали личности се устројуваат големи нешта“. Православниот верник има задача да ги најде логосите на собитијата и на секое собитие да му ја даде вистинската смисла. Со своите словесни сили должен е да ја открие смислата и суштината на секоја 'ствар' што постои во овој свет и да си го обезбеди своето место „во светот Божји“.

---

*од книгата „Православна Духовност“, протопрезвитер Михаил Кардамакис

# КРАЈ НА ДАРВИНИЗМОТ

Човекот треба не само да го препознае и да го сфати космичкото создание, туку и да му помогне да го исполни логосот на неговото постоење, за да може и созданието да помага и да соработува во неговото дело. Благодарение на оваа активност на човекот, не само што можат да се откријат и остварат сите можности на материјалните созданија, туку тие можат и да се „ологосат“, да бидат продолжение, и на некој начин, продолжеток на логосниот човек, кој е икона на Логосот Божји.
(М. Кардамакис)

„Свеста кај човекот дека тој е круна на Божјото создание само го возвишува, а ако некој сака да смета дека човекот потекнува од мајмунот, нека си мисли така, но да не го наметнува својот став на другите“ од словото на Рускиот Патријарх Алексиј II на XV Меѓународни Божикни образовни излагања, одржани од 29. 01 до 03. 02 2007 г. во Москва.

Текстот што следи, од авторот **Владимир Губанов**, е преземен од „Orthodox Russia“, официјален црковно-општествен весник на Руската Православна Задгранична Црква, издание на манастирот на Света Троица во Jordanville, New York, USA.

**Кој прв рече„еволуција“?**

Дарвинизмот - тоа е научен мит. Во него сè е лажно, почнувајќи од називот на таа хипотетична теорија па заклучно со неговите научолики докази.

Се смета дека Чарлс Дарвин (1809-1882) е основоположникот на теоријата на еволуцијата. Но тоа не е вистина. Еволуционизмот постоеше пред Дарвин; на пример, еволуционист беше Ламарк (1744-1829). Дури и самиот збор еволуција во биологијата, самиот термин за првпат го воведе швајцарскиот научник Шарл Боне во 1762 г., што значи неколку децении пред раѓањето на Дарвин.

Теоријата на премин од еден организам во друг во науката е позната одамна, тоа е таканаречениот трансформизам (од латинскиот збор *transformo* - претворам, преобразувам). Претставници на трансформизмот се: Т.Р. Гук, П. Мопертјуи, Ж. Ламетри, Ј.В. Гете и други. Сите тие се претходници на Ч. Дарвин.

Бидејќи, како што тварта не се создала низ себе самата, туку низ созерцанието и славата на нејзиниот Создател, така таа не треба да се созерцува самата по себе, ниту да ѝ се восхитуваме, туку преку неа да Го гледаме Создателот; како што и огледалото никој не го гледа заради самото огледало, туку заради она што се гледа во него.
(Св. Никодим Агиорит)

Но трансформизмот, ламаркизмот, дарвинизмот - сите овие еволуционистички теории се научно неосновани. Прво, секоја теорија е само теорија, а не закон на природата. Второ, научниците од областа на палеонтологијата и генетиката целосно го срушија учењето на Дарвин и неговите претходници и следбеници. Трето, постојат други теории, посовремени и научно основани. И, најважното: описот на постепеното, т.е. степенестото појавување на сè посложени форми на животот, еволуционистите го зедоа од Библијата.

Во Библијата, во првите глави на Битието се раскажува како Создателот, Господ Бог, ја создавал и устроил вселената. Отпрвин се појавила допланетарната состојба на материјата - *„на првите прашинки на вселената“* (Изрек. 8, 26). Потоа, по завршувањето на астрономскиот период (1 и 2 ден на создавањето според Библијата), настапил геолошкиот период (2 и 3 ден на создавањето). Потоа - биолошкиот период (3, 5 и 6 ден на создавањето), тој започнува со создавањето на најпростото зеленило, трева и дрвја, и, после создавањето на животните, сè посложени, завршува со создавањето на човекот. А еволуционистите, ништо не додавајќи ѝ на таа, условно наречена, еволуционистичка последувателност, од еволуцијата на созданието го изоставија спомнувањето за Создателот и со тоа го претворија разумното и добро создание во мит - во слеп, жесток, неразумен случај.

Значи, ако сакате да примите, еволуцијата е опишана во Библијата, три илјади и петстотини години пред сегашните еволуционисти (види: Библија, Битие, глави 1-2).

Повикувајќи се на наводни археолошки пронајдоци, еволуционистите исто така тврдат дека демек тие ја откриле појавата на трансформација на едни видови животни во други. На пример, водните животни постепено излегле од вода на суво и станале земни животни. А, пак, некои земни животни постепено преминале на живеење во вода и станале водни животни. Но и тоа веќе беше симболично опишано во Библијата: *„Зашто земните животни во водни се претворија, а оние што пливаа во водите - на суво излегуваа“* (Прем. Сол. 19, 18). Значи, и овде измамниците (т.н. научници) не измислија ништо ново. Само заборавија од каде го украдоа тоа што го подметнуваат како свое.



## Еволуцијата е од Бога

Еволуција во превод значи развој, одмотување (како кај клопче). Човечкото тело се зародува од одвај видлива жива капка, така што во старецот одвај ли ќе го препознеш детето, каков што бил. Што е тоа, еволуција на човекот? - Да, тоа е делумно развој, но делумно и стареење, како последица на падот во грев, а дарвинизмот нема никаков однос кон тоа. А развојот на човековиот ум - од скоро несвесна способност до богопросветен разум - зарем тоа не е еволуција? - Да, но дарвинизмот нема никаков однос ни кон тоа. Очигледно е дека таа еволуција (восовршување) е заложена од Бога во човекот при неговото создавање. Ако кај човекот или во околната природа има добар развој (еволуција), тој несомнено е од Бога Создателот.

Кога велиме дека Бог *ни од што* (ex nihilo) го создал светот, тоа значи дека Бог за да го приведе светот од небитие во битие не се послужил со никаков помошен материјал и никакво надворешно средство за постигнување на оваа цел, туку целиот свет е настанат како производ на слободната Божја волја и Неговата семоќна сила.
(Др. Лазар Милин)

### Православието и дарвинизмот. Крај на еволуционистичкиот мит

Значи, еволуцијата што е од Бог треба да се разликува од митската еволуција, наречена дарвинизам. Еволуционистите биолози, кои од Библијата ја позајмија идејата за еволуцијата, ја искривоколчија истата. Така постапуваат еретиците: земаат од Писмото мисли или догма и ги изобличуваат со погрешно толкување. Исто како и атеистите: ја читаат Библијата за да докажат дека Бог не постои. Евангелието го читаат со цел да докажат дека Исус Христос никогаш не постоел, или, во крајна мера, за да докажат дека Христос не е Син Божји. Не чуди што тоа се случи со еволуционизмот: сакаа со наука да ја заменат религијата. Атеистичките режими наметнуваа за докажано дека верата и знаењето, науката и религијата не одат заедно. Затоа дарвинизмот требаше да го замени библиското кажување за создавањето на човекот и сета природа од Бог.

А како се однесува Православието кон дарвинизмот? - Никако. Со топ ли да пукаме по врапчиња. Според зборовите на св. Василиј Велики, да ги оставиме надворешните мудреци едни со други да се побиваат. Да им оставиме на научниците да ги рушат застарените научни теории.

Дарвинизмот не е закон на природата, туку теорија, и притоа хипотетична. Теории и хипотези има многу во науката. Може да се наведат десетина теории и концепции посовремени, научно пооснована од дарвинизмот. Во многу земји мнозинството сериозни научници не веруваа и не веруваат во дарвинизмот, така што дури еден научник-атеист го нарече тоа дарвинофобија. Во атеистичките средини, секако, боледуваа од дарвинофилија. Сакаа да докажат дека нема Бог, нема душа, и човекот настанал од мајмунот. Од каков? Научниците велеа: од шимпанзото, горилото или орангутанот. А сега научниците докажуваат дека човекот не можел да настане од мајмунот, туку настанал од некаков непронајден вид, но ова не им пречи на квази-научниците: тие веруваат во еволуционизмот. А размислете самите: според логиката на научниците, претците на тие горила и шимпанза мора да биле уште попримитивни. Односно, не би можеле да се исправаат на две нозе. Но да настане од попримитивните видови, за човекот е уште потешко, уште поневозможно - тоа е уште поголемо чудо за науката.

За да ја докажат својата бесмислена хипотеза, научниците го нарекуваат мајмунот *човеколик*, небаре мајмунот и човекот имаат еден лик, една суштина. А човекот го нарекуваат животно. Ако и натаму така се одвиваат работите, тогаш наскоро ќе докажат дека човеколиките мајмуни произлегле од животното по име човек. Тоа не е шега, слична хипотеза веќе е искажувана од научниците: демек, сегашните мајмуни се дегенерирана слепа гранка на еволуцијата. Штета што мајмуните не ги читаат научните книги - ќе се посмееја.

А колку е јасно напишано во Библијата: „и го создаде Бог човекот... според образ Божји го создаде“ (а не според мајмунски)... Впрочем, правото да го избереме роднината сѐ уште е пред нас. Ние или ќе Го признаеме Господ Бог за Свој Отец, или, некои - сатаната, или - мајмунот што е предок на орангутанот.

Бог и светот се две сосема различни суштини. Едната е самобитна, вечна, несоздадена, свесна и личносна; другата е условена, времена, создадена, несвесна и безлична. Во светот, додуша, има свесно-лични суштества, тоа сме ние луѓето, а во духовниот свет ангелите.
(Др. Лазар Милин)

**Научни побивања на митот**

Познато е дека дарвинизмот претрпе пораз од генетичарите и палеонтолозите: никакви преодни степени, никакви преодни видови во природата (во жив облик или како ископина) не се пронајдени, никаков бавен и постепен развој за којшто зборуваше Дарвин научниците не најдоа во природата. Напротив, секој нов вид животно или растение се појавувал одеднаш, ни од што, на празно место, без свој претходник. Еволуционизмот не можеше тоа да го објасни. Затоа, со цел да го објаснат ова чудо, создадоа теории за ненадејни мутации, скокови (научно, *салтации*), при што овие скокови и мутации имаат строго насочен карактер! Ново чудо.

Мутациите се промени во генетскиот материјал, по правило секогаш деструктивни. На една позитивна (надградувачка) мутација, милиони се негативни (деструктивни). Веројатноста за настанување на нов вид преку мутација е еднаков на веројатноста за појавување на Светото Писмо како резултат на експлозија во печатница - како што некој рече. Доколку во окото еден елемент, една честичка, се промени преку мутација (еве нека е и на подобро, иако факт е дека мутациите се погубни), окото во секој случај ќе ослепи. Потребно е сите елементи на окото да се изменат моментално и притоа во нужната насока; само таквата намерно промислена мутација би била полезна и прифатена. Потребно е целото око да се измени моментално и тоа кон подобро - но ова чудо е возможно само за Бог, само за Тој што го создаде окото. Колку убаво вели Светото Писмо: „Оној што го создаде окото, зарем не гледа?".

Но, еве, да дозволиме дека е можно она што е неверојатно за научниците, дека окото при мутацијата се претворило во друго око, подобро, поголемо. А кај човекот големите очи се сметаат за знак на квалитет. Но тогаш, за да се избегне деформитетот на различни очи, потребно е и другото око да се претвори во подобро, поголемо, и притоа тоа да биде во ист момент. А ова веќе е второ чудо. Освен тоа, за наследно да се пренесат добрите својства на новото око, потребно е ова чудо да се случи и со сопругот (сопругата), да се појават и кај партнерот нови (исти такви компатибилни!) очи, инаку добрите својства на новото око нема да се пренесат на потомството, зашто ќе се разградат во следните поколенија.

Понатаму, нели е потребно ни другите органи да не заостанат во развојот? Нели е потребно овие новопојавени очи да не испаѓаат од очните дупки? - Да. А тоа значи дека е потребно да се измени лицето, челото, главата. А ако главата стане малку поголема отколку што била, за да ја носи главата треба да се измени и вратот, па и целото тело? А ако преку мутацијата едната рака израсне половина метар поголема од другата? Тоа е веќе дегенерација. Треба и другата рака исто така да порасне за половина метар. И, еве, пораснале рацете и висат до земја. Тешко ќе може да се кренат нагоре -треба и нозете соодветно на рацете да пораснат, па и целото тело. Чудо? - Да. Но, најчудесното е дека тие карактеристики нема да се предадат наследно, туку ќе ослабуваат со секое поколение, сè додека

Хесиод го претставувал космосот како еден вид огромен организам придвижен од иста (една) животна сила. Според Питагорејската школа космосот тежнее кон постојан прогрес воден од иманентна тенденција. Стоиците сметале дека една циклична еволуција е општ закон на светот. Платон и Аристотел пак, верувале во фиксизам, како и многу поколенија научници по нив.

потполно не се разградат. Односно, потребно е таквиот мутант да има пар - исто таков мутант но од спротивниот пол. А, пак, случајната појава на друг мутант е уште помалку веројатна отколку појавата на првиот. Општо земено, теоријата на мутации и скокови е невозможна без Бог. Неопходно е развојот да се движи во вистинската насока инаку ќе застрани. Зашто дегенерацијата е поверојатна отколку восовршувањето (ако нема помош од горе, од Бог).

Строго насочениот развој - научно, *ортогенеза* - е гроб на дарвинизмот. Но кој ли ги насочил овие паметни салтации (така научниците ги нарекуваат ненадејните скокови во природата)? Кој им ја дал насоката т.е. законот на развој? Самите да не се насочија! Одговорот е јасен: ако и постои ортогенеза на мутациите и скоковите, тогаш со тоа Некој управува т.е. управува Бог Создателот. Мртвата материја не може да се самоуправува, не може да создава свои закони; мртвата материја не можела да создаде жива природа, како што ни мртва жена не може да роди живо дете.

Значи, сите постулати на Дарвин се покажаа лажни.

1. Дарвин сметаше дека стекнатите карактеристики се пренесуваат наследно. Но, тие не се предаваат наследно. На пример, тоа што вие сте научиле да шиете чевли, не значи дека и вашиот син ќе се роди со истата таа вештина. Односно, приспособувачките карактеристики не се умножуваат од поколение во поколение. И така, генетичарите го срушија дарвинизмот.

2. Тој сметаше дека новите видови растенија и животни настануваат со бавно и постепено умножување на стекнатите карактеристики, преку природна селекција. Но, тие не настануваат така. Тие се појавуваат одеднаш (затоа наместо теоријата на еволуцијата се појави спротивна теорија - онаа на мутацијата). А природната селекција (и би додале дури и вештачкото вкрстување на растенијата и животните!) не создава нов генетски материјал, туку само ја запазува рамнотежата во природата (во популацијата). Сите хибриди добиени со вкрстување се дегенерирани изроди: тие се недолговечни или бесплодни (овде станува збор не за подобрување на видот, туку токму за создавање на нов вид), и притоа хибридите не се нови видови бидејќи во нив нема нов генетски материјал.

Jean-Baptiste Lamarck (1744-1829), во младоста бил воспитуван во манастир, и по желбата на татка си требало да стане свештеник, па едно време поминал во језуитски манастир во Амијен. Но, иако бил длабоко религиозен, сепак не станал свештеник, туку офицер, а подоцна студирал медицина во Париз. Во педесеттата година станал професор по зоологија. Според Ламарк постојат три главни фактори за *еволуцијата*, односно преобразување или трансформација на растителните и животински видови. Тоа се: а) надворешните животни услови б) употребата или неупотребата на одредени органи, и в) наследството на стекнатите особини.



Англискиот природонаучник Чарлс Дарвин имаше многу повеќе среќа и успех отколку Ламарк. Додека делата на Ламарк - иако ништо помалку убедливи од оние на Дарвин - останаа речиси незабележани, Дарвин во 1859 г. ја издаде книгата „Потеклото на видовите", којашто излезе во 1250 примероци и за еден ден беше распродадена, а наскоро и преведена на многу јазици. Во младоста, Дарвин почнал да студира медицина во Единбург. Но, бидејќи не бил загреан за овие студии, ја остава медицината и се запишува на теологија во Кембриџ. Но ни овде не се задржал долго. Имено, не бил сосема сигурен дали верува во сите догми на Англиканската црква, иако за себе посебно истакнува дека „му се допаѓала идејата да стане селски поп". Но, наместо тоа, се посветува на природните науки.

3. Сметаше тој дека современите палеонтолози ќе најдат во земјата останки од преодните алки и дека синџирот на постепената и бавна еволуција ќе биде составен и дека ќе стане очигледно претворањето од еден вид во друг. Излезе сосема спротивно: во земјата е најдено дури и мноштво нови видови, а, пак, од преодните ни трага. И така, палеонтолозите го срушија дарвинизмот. Во заклучок треба да се каже дека дарвинизмот, еволуцијата без Бога, во атеистичките системи се распространи не заради својата научност туку затоа што безбожната власт бараше оправдание за својата безбожност.



**Дополнение**

„Ernst Heinrich Haeckel (1834-1919 г.) е истакнат биолог-еволуционист, претставник на природно-научниот материјализам, поборник и пропагатор на дарвиновото учење." Кон овие штури редови издавачот на речникот ќе треба да додаде уште два-три збора:„измамник, ги фалсификувал резултатите од истражувањето".

Хекеловите скици на ембриони на човек, зајак, птица, гуштер и риба, кои се прикажани еден до друг, им се познати на четири генерации ученици и студенти „како неспорни сведоштва за вистинитоста на теоријата на еволуцијата". Излезе дека за да се побијат не мора да се прибегне кон философски и богословски аргументи (иако тоа не би пречело), треба само внимателно да се погледне под микроскоп, што и направи д-р Ричардсон од клиниката St. George во Лондон. Тој врз основа на темелно истражување откри очигледни разлики меѓу „неспорните" сликички и реалноста. Д-р Ричардсон дојде до поразувачки заклучоци за угледниот материјалист.

Не напразно пишуваат дека Хекел и неговите истомисленици ги положија темелите не само на еволуционизмот, туку и на севкупната современа [псевдо-] научна идеологија... („*AFA Journal*", 02. 1998 г.)